MКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 3 Година XVII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, февруари 2023

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за збратимување на Општина Карпош-Република Северна Македонија со Општина Л-Исла-Република Малта**

1. Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Карпош-Република Северна Македонија со Општина Л-Исла-Република Малта, донесена на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/1**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 14, став 4 и став 5, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Писмото за намери бр.11-9664/1 од 30.12.2022 година и Писмото за намери бр.11-9664/2 од 30.12.2022 година, Советот на Општина Карпош, на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за збратимување на Општина Карпош-Република Северна Македонија со Општина Л-Исла-Република Малта

**Член 1**

Со оваа Одлука се одлучува за збратимување на Општина Карпош-Република Северна Македонија со Општина Л-Исла-Република Малта.

**Член 2**

Збратимувањето на двете општини ќе биде потврдено и со потпишување на Договор за збратимување помеѓу Општина Карпош-Република Северна Македонија со Општина Л-Исла-Република Малта, во кој што поконкретно ќе се уредат начините и формите низ кои што ќе се одвива меѓусебната соработка.

**Член 3**

За потписник на Договорот за збратимување од страна на Општина Карпош се овластува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број:09-420/4**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за отпис на долг спрема добавувачи чие побарување е застарено по извршениот попис за 2022 година**

1. Се објавува Одлуката за отпис на долг спрема добавувачи чие побарување е застарено по извршениот попис за 2022 година, донесена на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/2**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), член 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија” бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11, 101/13), а во врска со член 11, став 4; член 13, став 3; член 19, став 6; член 20; член 21 и член 33 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21), Советот на Општина Карпош на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за отпис на обврска кон добавувачи чие побарување е застарено по извршениот попис за 2022 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши отпис на обврска кон добавувачи чие побарување е застарено по извршениот попис за 2022 година како следи:

| Ред бр | НАЗИВ | Година | ДОЛЖИ | ПОБАРУВА | САЛДО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вино Веритас | 2016 | | 361,701.00 | 361,701.00 |
| 2 | Аполо | 2008 | | 572,512.00 | 572,512.00 |
| 3 | Др. Пановски Ад | 2017 | | 1,445,508.00 | 1,445,508.00 |
| 4 | Завод за урбанизам на Скопје | 2012 | | 493,146.00 | 493,146.00 |
| 5 | ЈП за стопанисување со станбен и дел. Простор | 2006 | | 234,654.00 | 234,654.00 |
| 6 | Неотех Инженеринг | 2014 | | 1,192,947.00 | 1,192,947.00 |
| 7 | Самарија | 2006 | | 103,869.00 | 103,869.00 |
| 8 | Дигит компјутерс | 2012 | | 45.737,00 | 45.737,00 |
| 9 | Стефановски Томи | 2012 | | 280.000,00 | 280.000,00 |
| | | ВКУПНО | | 4,730.07400 | 4,730.07400 |

**Член 2**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ги евидентира разликите и да изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број:09-420/5
Датум:30.01.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош, донесена на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-969/3
Датум:07.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со член 40, став 5 и став 7 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 229/20) Советот на Општина Карпош, на дваесетата, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за обезбедување финансиски средства за ангажирање на одделенски наставници за реализирање на настава со физичко присуство во продолжен престој за ученици во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош, кои во претходните учебни години следеле настава во продолжен престој.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број:09-420/6**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 1/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, донесена на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-969/4
Датум:07.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 23/2021), Советот на Општина Карпош на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за недвижен имот и постапка за експопријација на недвижности.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-420/7**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА

Одделението за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општина Карпош бр.10-6389/1 од 01.09.2015 година, организира и координира при постапката за отуѓување на недвижен имот - градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија по пат на јавно наддавање. Во врска со истото, а од причина што не беа предложени соодветни градежни парцели кои би биле опфатени со предлог програма за активности на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, во текот на 2022 година не се спроведоа активности во фаза на прибирање на докази, кои што претходат на постапка на Објава за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија во дневните печати за информирање и во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година, донесена на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-969/5
Датум:07.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Советот на Општина Карпош, на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година**

Вовед

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

Содржина на Програмата

1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
   - Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет

- Детален, односно табеларен преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
  а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно надавање
  б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање
  в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање
  г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежно земјиште што е предмет на оваа Програма**
   - Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
   - Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
   - Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
   - Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
   - Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегија

4. **Динамика на реализација на Програмата**
   - Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
   - Пропишување на условите за надавање
   - Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**
   **Општ дел**

Со прогласување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.275/19), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и оттуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење, Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-пректна документација, општ акт или проект за ифраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за ифраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен каракер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот на градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Карпош, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија.

За да може да се врши оттуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територија на населени места и локалитети, согласно динамиката на носење на нови урбанистички планови и измените и дополнувањата на укинатите урбанистички планови од Уставен суд на Република Северна Македонија.

Б) Основи за изработка на Програмата

- Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19)
- Основни плански документи, други документи потребни за изрботка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
  - Генерален урбанистички план на Град Скопје за плански период од 2012 до 2022 година
  - Донесени детални урбанистички планови

- o Урбанистички планови за населени места
- o Урбанистички планови за вон населени места
- o Годишна Програма за изработка на урбанистички планови

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- Име, презиме, професија и функција на сите лица од проектниот тим за изработка на Програмата
- Име, презиме, професија и функција на сите останати лица консултирани или инволвирани во изработка на Програмата

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

   Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, индетификувани со број на градежните парцели
   - Детален преглед на градежни парцели (по населеното место и по урбанистички план)

**а.Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;

- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен и
- Вкупна почетна/утврдена цена.

**б.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежна парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**в.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);

- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**г.Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП);
- Заинтересирано правно лице (компанија) и
- Предвидени услови за договор.

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели.
Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали.

Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата.

Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата.

Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата.

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата треба да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

## 4. Динамика на реализација на Програмата

- Градежните парцели кои што се предмет на јавна објава, ќе бидат објавени во турнуси или поединечно, согласно можностите и условите поврзани со донесувањето на урбанистичките планови и расчистувањето на имотно-правните односи и друго.
- Пропишување на условите за наддавање - Се пропишуваат/определуваат следните параметри: банкарска гаранција за сериозност на понудата, определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со наддавањето.
- Лица надлежни за реализацијата на Програмата: Богданка Милошевиќ-Мучева, дипл. правник; Олга Цубалеска-Јаневска, диа; Анета Спасеска, диа и Ивана Темелковска, дипл. политиколог.

## 5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

6. Проценка на финансиските средства потребни за релизација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- Трошоци по основ на експропријација и одземање на корисничко право;
- Трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица и
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

7. Преодни и завршни одредби

Составен дел на оваа програма е Табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување по пат на јавно наддавање за 2023 година.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

Оваа Програма е едногодишна и се донесува за 2023 година.

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА

| ред.бр. | Локалитет | Бр.градежна парцела | Бр.катастарска парцела | Намена на земјиштето | Површина на гр. парцела(м2) | Површина за градење (м2) | Макс.имална изградена површина (м2) | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Касарна Илинден** | **1.1** | **1568/27,1568/32, 1568/90** | **А2** | **3590** | **2074** | **10165** | **58** | **2.83** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| **2** | **Касарна Илинден** | **1.2** | **1568/27,1568/88** | **А2** | **3073** | **1492** | **7310** | **49** | **2.38** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| **3** | **Касарна Илинден** | **1.3** | **1568/27,1568/9** | **А2** | **3338** | **1768** | **8665** | **53** | **2.60** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| **4** | **Касарна Илинден** | **1.4** | **1568/27** | **А2** | **1751** | **662** | **3245** | **38** | **1.85** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| **5** | **Касарна Илинден** | **1.5** | **1568/27,1568/91** | **А2** | **2151** | **1054** | **5165** | **49** | **2.40** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | **Касарна Илинден** | **1.6** | **1568/ 9, 1568/ 13, 1568/ 27** | **A2** | **1502** | **693** | **3396** | **46** | **2.2 6** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 7 | **Касарна Илинден** | **1.7** | **1568/ 27** | **A2** | **2297** | **995** | **4875** | **43** | **2.1 2** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 8 | **Касарна Илинден** | **1.8** | **1568/ 27** | **A2** | **2664** | **1181** | **5787** | **44** | **2.1 7** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 9 | **Касарна Илинден** | **1.9** | **1568/ 27,15 68/92** | **A2** | **2880** | **1492** | **7310** | **52** | **2.5 4** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 1 0 | **Касарна Илинден** | **3.2** | **1568/ 18** | **A2** | **3639** | **2057** | **10078** | **57** | **2.7 7** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |
| 1 1 | **Касарна Илинден** | **3.3** | **1568/ 18** | **A2** | **14463** | **10124** | **49608** | **70** | **3.4 3** | **21.00** | **ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје** |

Број:09-420/8
Датум:30.01.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за запирање на објава на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година**

1. Со ова Решение се запира објавата на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година, донесена на дваесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година, од причина што усвоената Програма содржи суштинска грешка.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/6**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2022 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/7** ГРАДОНАЧАЛНИК
**Датум:07.02.2023 година** НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за урбанситичко планирање за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 25/2022), Советот на Општина Карпош на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за урбанизам-Одделение за просторно и урбанистичко планирање.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број:09-420/10**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

## Извештај за реализација на програмата за урбанистичко планирање за 2022 година

Во текот на 2022 година, на Совет на општина Карпош беше донесени 1 (еден) Урбанистички план.

Усвоен Предлог -Урбанистички план на Совет на општина Карпош за 2022 година:

1. Детален урбанистички план за Градска четврт З04, Блок З04.05, Општина Карпош З04, Блок 04.02 - општина Карпош, Скопје изработен од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, Усвоен од страна на Советот на општина Карпош со Одлука бр. 09-1565/3 од 03.03.2022 година.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/8**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 25/2022), Советот на Општина Карпош на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за екологија и енергетска ефикасност.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број:09-420/11**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Бранко Ристов, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ЗА ПЕРИОД 01.01. – 31.12.2022 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Секторот за заштита на животната средина и природата, кој во својот состав содржи две одделенија – **Одделение за екологија** и **Одделение за енергетска ефикасност**, со своите активности се стреми да придонесе за спроведување на многуте еколошки и енергетско-ефикасни проекти, а сé со цел Општината Карпош и нејзините граѓани да добијат одлични услови и повисоки стандарди во областите екологија и енергетска ефикасност, како и другите области кои се во надлежност на овој сектор.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2022 ГОДИНА

Генералните цели, по кои се водеше тимот на вработени при извршувањето на активностите во текот на 2022 година, се следните:

- Општина Карпош – општината на својата територија да ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина и енергетската ефикасност;
- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на  мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини.

## III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОЛОГИЈА

Одделението за екологија своето работење во 2021 година го темелеше на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Имплементација на ЛЕАП-от,
1.5. Проектни активности од областа на екологијата
1.6. Субвенционирање на купување на велосипеди и електрични тротинети

#### 1.1. ЈАВНА ЧИСТОТА И ХИГИЕНА

За одржување на јавната чистота, Општината Карпош издвои значителна енергија и голема посветеност со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Во текот на 2022 година Општината Карпош во просек имаше ангажирано околу **100 сезонски работници** кои беа исплатени од општинскиот Буџет.

Поради подобра организираност и прегледност на ангажманот на работниците, територијата на Општината Карпош е поделена на **8 делови** кои ги раководат **реонски координатори**, кои се хиерархиски под **главниот координатор,** кој пак за работењето му дава отчет на **Раководителот на Секторот** за екологија и енергетска ефикасност.



За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош издвои средства за:

- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн),
  ... 36.590.601,00 денар

- Набавка на резервни делови и друг материјал и одржување на машините за косење трева
  ... 398.575,00 денари

- Набавка на алат, материјал и друга техничка опрема за одржување на јавната хигиена (4 пили за кастрење или сечење на дрва, 5 грбни дувалки за собирање лисја, метли, канти итн.) ... 895.785,00 денари

- Одржување и сервис на комуналните возила (шестте комунални и едното теренско возило редовно беа сервисирани, замена на пневматици, масло, филтри итн),
  ... 401.387,00 денари

- Поставување и одржување на мобилни тоалети на територијата на Општина Карпош
  ... 517.289,00 денари

## 1.2. ПАРКОВИ, ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО И ХОРТИКУЛТУРА

Општината Карпош, како одговорен општествен субјект, и во текот на 2022 година се грижеше за одржувањето на зелените површини кои самата ги има подигнато. Стручните служби на Општината во текот на целата година се грижеа за постоечките хортикултурно уредени површини:

- Зелените површини на плоштадот “Делфина”, УЗ Влае 2,
- Зелените површини околу платото со фонтана во Карпош 3,
- Зелените површини на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев),
- Зелените површини на плоштадот во УЗ Бардовци,
- Жардињерите на плоштадот “Млечен”, УЗ Владо Тасевски,
- Жардињерите во Порта Влае, УЗ Влае 2,

- Зелените површини во ТЦ Лептокарија, УЗ Карпош 3,
- Зелениот појас помеѓу улиците Козле 8 и Козле 10, УЗ Нерези,
- Зелените површини кај Воените кули, УЗ Нерези,
- Паркот на улицата Иван Аговски 8-10, УЗ Карпош 1,
- Жардињерите на платото “Педагошка”, УЗ Владо Тасевски,
- Зелените површини помеѓу зградите на ул. Московска, УЗ Тафталиџе 2, и други.

Беше вршено и постојано **одржување на автоматските системи за полевање** на зеленилото на плоштад “Делфина” во Влае, на плоштад Млечен, околу платото со фонтана во Карпош 3, плоштадот “ПБК” спроти СД Гоце Делчев, плоштадот во Бардовци, во ТЦ Лептокарија (на ул. Никола Русински и во средишниот дел на трговскиот) во Карпош 3, паркот на ул. Женевска во Тафталиџе 2, паркот на ул. Иван Аговски во Карпош 1, зелените површини кај Воените кули во Нерези, паркот помеѓу зградите на ул. Московска во Тафталиџе 2, паркот спроти хотел Карпош, Паркот помеѓу ул. Ѕ. Стојчев и ул. Желево во Карпош 4, итн.

... 3.000.054,00 денари

Од страна на вработените за одржување на јавната хигиена и јавното зеленило на Општина Карпош, а по претходно завршена тендерска постапка, во текот на пролетниот и есенскиот период 2022 година **беа засадени 124 висококвалитетни дрвја**. Се работи за листопадни и зимзелени садници кои се автохтони и со висок квалитет, односно:

- Јасени (Fraxinus Excelsior) 43 дрвца,
- Јавори (Acer Pseudoplatanus) 18 дрвца,
- Липи (Tilia Platyphyllos) 10 дрвца,
- Каталпи (Catalpa Bignonioides) 20 дрвца,
- Црни сливи (Prunus Cerasifera Nigra) 12 дрвца,
- Врби (Salix Babylonica) 5 дрвца, и
- Туи (Thuja Smaragd) 16 дрвца.

Грижата и одржувањето и на овие садници ја превземаа службите на Општина Карпош.

... 697.741,00 денар

Исто така, беа засадени и дрвца кои се добиени како подарок од приватни фирми и компании, и тоа: 20 листопадни дрвца од Ми-Да Моторс за училишниот двор во ООУ Јан Амос

Коменски, 12 врби и комплетно хортикултурно уредување на жардинерите на Плато Педагошка од Ротаракт и 2 јасени и 3 магнолии од друга приватна фирма.

Со засадувањето на дрвјата, украсните растенија, подигнувањето на новите тревни површини и косењето на блоковското зеленило, Општината Карпош делуваше на зголемување на апсорпцијата на штетните материи од воздухот, како и на намалување на PM 10 и PM 2,5 честичките.

## 1.3. УРБАНА ОПРЕМА

**Одржување на урбаната опрема и одржување на детските и спортските игралишта**

Како и секогаш, големо внимание беше посветено и на санирањето и заменувањето на веќе постоечката урбана опрема, како и на другите браварско-занаетчиски работи, па така извршени се следниве активности:

- Замена на кадрони на клупи за седење,
- Бојадисување на клупи за седење,
- Замена на кадрони од егзотично дрво – банкерај,
- Санирање на корпи за отпадоци,
- Замена/поставување на метални или пластични столбчиња,
- Замена/поставување на се полукружни огради и огради со имитација на ковано железо,
- Замена на метални решетки за одлив,
- Замена на решетки за прозорци и друго.

Периодов големо внимание беше посветено и на санирањето на веќе постоечките детски и спортски игралишта, па така превземени се следниве активности:

- Санација или замена на тобогани,
- Замена на оштетени седла на нишалки (дрвени и пластични),
- Замена на поцинкуван ланец за нишалки,
- Замена на седишта на клацкалки,
- Замена на конструкции за клацкалки (метални),
- Замена на кадрони од тиково дрво на клупи во детски и спортски игралишта,
- Бојадисување на клупи во детски и спортски игралишта,
- Замена на оштетена ограда од бигована мрежа на детски и спортски игралишта,
- Бојадисување на ограда на детски и спортски игралишта,

- Санација на кошаркарски конструкции,
- Замена на водоотпорни дрвени табли за кошарка,
- Замена на ПВЦ табли за кошарка,
- Замена на обрачи со мрежичка за кошарка,
- Поставување на песок за детски игралишта,
- Замена на висока ограда од унивезално пластифицирано плетиво за детски и спортски игралишта и друго.

Се продолжи и со **целосната реконструкција со замена на дотраените дрвени реквизити со реквизити со метална конструкција** беше извршена на **3 детски игралишта**:

- Детско игралиште на ул. Влае, УЗ Влае 1,
- Детско игралиште на ул. Пелистерска, УЗ Карпош 3,
- Детско игралиште на ул. Бранислав Нушиќ (кај Стокомак), УЗ Карпош 2.

Со замената на реквизитите на гореспоменатите детски игралишта се подобри безбедноста и сигурноста на децата од причина што старите дрвени конструкции беа дотраени и небезбедни, а исто така се намалува можноста за вандализирање на игралиштата со што финансискиот ефект на среден и долг рок ќе биде позитивен за Општината Карпош.

За одржување на урбаната опрема, како и за одржување на детските и спортските игралишта во текот на 2022 година општината Карпош издвои:

... 4.677.910,00 денари

Одржување на фонтаните

Извршени се и неколку интервенции и прилагодувања на режимот на работа, како и редовно одржување, замена на дотраените или вандализирани делови и чистење на **фонтаните на плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот спроти СД Гоце Делчев (УЗ П. Б. Кочо), на платото во Карпош 3, на плоштадот во Бардовци и во близина на Адреналинскиот парк во близина на кејот на р. Вардар**.

... 2.517.134,00 денари

Поставување на нови клупи и корпи

Во 2022 година беа поставени **36 парковски клупи за седење и 100 корпи за отпадоци**, воглавно на барање на граѓаните на Општината Карпош, а дел и по сугестија на претставниците на урбаните заедници.

Парковските клупи се со стандарден урбан изглед, составени од метарлна конструкција и дрвени кадрони за седење и потпирање, а корпите за отпадоци се изработени од висококвалитетен ПВЦ, кој е поотпорен на атмосферските влијанија и е изведен на тој начин да не може да биде злоупотребен за поставување на отпад од домаќинствата, односно во него може да се одложи само џебен отпад, што е и намената на овие корпи за отпадоци.
... 1.482.205,00 денари

## 1.4. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП-ОТ

Согласно новиот ЛЕАП2 се донесе и годишниот акционен план за спроведување на мерки и активности од истиот за тековната 2022 година. На почетокот од тековната 2023 година секторот ќе подготви и предложи нов краткорочен акционен план за спроведување на мерки и активности кои произлогуваат од ЛЕАП2 за тековната 2023 година и подготовка на ЛЕАП 3 за периодот 2024-2029 година,

Од годишниот акционен план за спроведување на мерки и активности за изминатата 2022 година се спроведоа следните акции:

1. **̀Изработка на интерактивна web базирана апликација за приказ на катастарот на загадувачи на Општина Карпош**

- Евиденција и мониторинг врз постојаните и евидентирани загадувачи на територијата на Општина Карпош можност за интегриран транспарентен начин на информирање.
- Изработката и спроведување на катастарот за загадувачи на Општина Карпош е недоволен момент за имплементација на истиот тест неоходен е информативен систем за информирање на јавноста.
- Подобар начин на информирање општо на граѓаните, лесен пристап до информациите за загадувачите, брза и едноставна идентификација на нови загадувачи, воспоставување на брза соработка помеѓу општината и граѓаните.

Линк од објава на web *. https://katastar.na.zagaduvaci.karpos.gov.mk/*

Реализирана активност со 36.000,00 денари

2. **Дополнување на Катастарот на загадувачи на територија на општината**

- Дополнување на податоците во дигитална база на загадувачи, што воедно претставува база за индустриските капацитети (местоположба, тип на активност, капацитет, услови во ИСКЗ дозволите).

Реализирано без финансиски импликации.

3. **Реализација на јавна кампања за потребата од примарна селекција и рециклирање на отпад**

- Изработка на промотивен материјал за начинот на селекција на отпадот и материјалите кои се рециклираат и нивната вредност како секундарни суровини.

  Објавено на web линк. https://karpos.gov.mk/6511-2/

Реализирана без финансиски импликации.

4. **Промовирање на пилот проект за сепарирање, рециклирање и реупотреба на одреден тип на материјал кој се рециклира**

   - Избор на материјал која се рециклира за кој постојат изводливи технички решенија за сепарирано собирање и третман,

  Објавено на web линк. https://karpos.gov.mk/6511-2/

- Дефинирање на проектна задача,
  Се реализира Настан за промоција на проект „Организација и реализација на еколошкиот проект за едукација и подигнување на екосвеста и навиката за селектирање на отпад од пакување„ и „Намалување на стаклената неповратна амбалажа во улиците и депониите. Организирано од ДЕК Рециклиа Скопје.

- Реализација на проектот (во соработка со преработувачите на материјали кои се рециклираат и/или крајните корисници) -Потпишани договори со лиценцирани постапувачи како „Пакомак, Нула отпад, Елколект .

- Нови 9 субјекти задолжително склучија догвори со лиценцирани постапувачи со отпад во тековната 2022 година.

Реализирано без финансиски импликации

5. **Дефинирање на проекна задача (Соодветен третман реупотреба на празни тонери и кетрици од општинската администрација )**

- Склучен договор со добавувач согласно ИСО 14001
- Пакомак (хартија и пластика)
- Елколект , Нула Отпад (електричен и електронски отпад )

Реализирано без финансиски импликации

6. **Подигнување на јавната свест со цел да се почитува Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење во објекти, како и во индустриски и занаетчиски постројки**

- Општина Карпош се приклучи кон кампња на Град Скопје преку промоција и дистрибуција на Флаери „Водич за чист воздух и правилно греење“.

  Промоција на социјални медиуми:
  https://www.facebook.com/OpstinaKarpos/posts/10157909761331706/

Реализирано без финансиски импликации

## 1.5. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА

### *1.5.1. Изградба на ново детско игралиште со еколошки материјали*

Општина Карпош аплицираше и доби прво место на конкурс за избор на „Најеколошка општина за 2020 година“, којшто традиционално го распишуваат „Пакомак“ и „Балкан еко институт“ од Скопје.

Како награда за прворангирана општина во 2022 година Општина Карпош потпиша договор со Пакомак ДОО Скопје и доби опрема за детско игралиште изработена од еколошки материјали во

вкупна вредност од 203.550,00 денари. Опремата се состои од: 2 детски лулашки, клацкалка, лизгалка и инфо табла, а Општината Карпош од своја страна учествуваше во поставувањето на песочна подлога и заштитна ограда. Поставувањето на опремата за детско игралиште е во завршна фаза, а локацијата на детското игралиште се наоѓа на малиот плоштад на улица Скупи 1 во УЗ Нерези.

### *1.5.2. Учество во проектот „Биди кул – рециклирај“*

Општина Карпош потпиша меморандум за поддршка и соработка за проектот „Биди кул – рециклирај“ кој се спроведува од страна на социјалното претпријатие „РЕДИ рециклирај“ во соработка со Здружението „Gogreen“ и „Пакомак“ДОО Скопје.

За реализација на наведениот проект социјалното претпријатие „Реди рециклирај“ поставува канти за селекција на неопасен отпад (пластика и хартија) во заинтересираните станбени згради и институции на територија на Општина Карпош, од каде со електрични трицикли го собира селектираниот отпад и го одлага во соодветни складишта. Досега се пријавени над 200 заинтересирани субјекти. Во Општина Карпош во 2022 година има поставено преку 115 канти за селектирање на отпад. За потребите за собирање на отпадот, социјалното претпријатие има набавено 5 електрични трицикли. Со електричните трицикли управуваат 5 лиценцирани собирачи на секундарни суровини кои воедно се и претставници од маргинализираните групи.

### *1.5.3. Поддршка на проектот „Био-метео Health алерт-систем во Општина Карпош“*

Во април 2022 година Општина Карпош даде поддршка за проектот „Био-метеоHealthалерт-систем во Општина Карпош“ спроведуван од Здружението на граѓани „Биди здрав – здравје за сите“ за подигнување на свеста кај населението за заштита и превенција од негативно влијание на квалитетот на воздухот.Целна група на проектот се сите жителите на Општина Карпош со посебно учество на ученици и наставен и стручен кадар од основните училишта во општината.

Проектот има за цел да изврши одредени анализи на гранични вредности за квалитет на воздухот за заштита на човековото здравје, каде нивоата на загадувачки супстанци во амбиенталниот воздух ги надминуваат граничните вредности или целните вредности дадени за концентрациите на загадувачките супстанци (NO2, SO2, CO, O3 и PM10) , а воедно ќе спроведе и едукација на еко тимови од основните училишта на Општина Карпош.

Проектот е дел од еден поголем проект поддржан од повеќе општини на територијата на Република Северна Македонија, а ќе се спроведува со времетраење од 12 месеци. По завршување на проектот Здружението ќе достави извештај за реализирани активности во текот на наредната 2023 година.

### *1.5.4. Поддршка на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“*

Во март 2022 година Општина Карпош потпиша меморандум за поддршка и соработка за проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, спроведуван од Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, Македонското здружение на млади правници (МЗМП) и Организацијата за поврзување со природните вредности и луѓето (ЦНВП), Поддржан од Шведската меѓународна агенција за соработка и развој – СИДА.

Ваквата соработка ќе помогне во промовирање и пошироко прифаќање на прашањата поврзани со климатските промени, развој на зелената економија и подигање на свеста на локално нив. Во текот на 2022 година се одржа фокус група со цел„Детектирање на основните проблеми во Скопскиот регион поврзани со животната средина и климатските промени за изнаоѓање на решенија“ на која активно учествуваше и претставник од Секторот за екологија и енергетска ефикасност.

## 1.6. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

Општината Карпош во текот на 2022 година реализираше проектна активност за промоција на користењето на велосипеди и електрични тротинети како превозни средства, но и како

средства за рекреација кои не ја загадуваат животната средина и околината, а воедно и придонесуваат за подобрување на здравјето на корисниците на велосипедите и тротинетите.

Акцијата започна на ден 21.03.2022 година (понеделник), за што беа известени граѓаните преку пишаните медиуми и официјалната веб страна на Општината Карпош, а заврши заклучно со

25.03.2022 (петок) за субвенционирање на велосипеди и електрични тротинети, односно до исцрпување на финансиските средства предвидени за таа намена.

За да се постигне поголема ефикасност, да се намали трошокот и да се заштеди времето на апликантите, покрај стандардното аплицирање преку Архивата на Општина Карпош беше овозможено и поднесување на електронска апликација, и со задоволство можеме да констатираме дека поголемиот број барања пристигнаа на тој начин (околу 60%).

Купувањето на нов **велосипед** за граѓаните на Карпош беше субвенционирано со 30% од неговата вредност, но со најмногу 3.000 денари, а субвенционирани беа **92 граѓани** на Карпош, додека за **електрични тротинети** важеше исто 30% од вредноста, но најмногу 5.000 денари, субвенционирани беа **56 граѓани**, или **вкупниот број на субвенционирани граѓани е 148.**

На овој начин, граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе солидната инфраструктурна велосипедска мрежа, добија уште еден стимул за користење на овие алтернативни превозни средства.

... 600.000,00 денари

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темелеше на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Проекти од областа на енергетската ефикасност,

### 2.1. ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Одржување на јавното осветлување**

Во текот на 2022 година одржувањето на јавното осветлување се вршеше во **два реони**:

- **Реон 1 – УЗ Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Злокуќани и Бардовци;**
- **Реон 2 – УЗ Владо Тасевски, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Кузман Јосифовски Питу, Пецо Божиновски Кочо, Влае 2 и Нерези.**

На јавната набавка за одржување на јавното осветлување се пријавија повеќе економски оператори, а по електронската аукција беше склучен договор за јавна набавка со фирмите **Елтра** (за реон 1) и **Мобил Ел** (за реон 2) од Скопје во првиот дел од 2022, а подоцна договор за одржување на јавното осветлување беше склучен со фирмата **Дигитал** од Струмица за двата реона. Економските оператори навремено и одговорно ги исполнуваа обврските согласно договорот за јавна набавка.

Значајна активност во 2022 година е и **замената на сите 224 рефлектори од 400 W** што се наоѓаа на територија на Општина Карпош **со ЛЕД осветлување од 150 W**, со што беше остварена значајна заштеда на потрошувачката на електрична енергија.

Карактеристично за одржувањето на јавното осветлување за тековната 2022 година во Општина Карпош беа и принудните рестрикции предизвикани од енормните сметки за потрошена електрична енергија. Од овие причини, Општината Карпош беше принудена да превземе непопуларни мерки за штедење, па така уличното осветлување беше редуцирано на 50%, односно функционираше секој втор столб. На тој начин, но и со благото намалување на цената на електричната енергија, беше овозможено нормално функционирање во оваа област. Оваа мерка ќе продолжи се до нормализирање на пазарот, а очекувањата се дека тоа ќе се случи во 2023 година.

Во одржување на јавното осветлување Општината Карпош инвестираше вкупно 7.135.520,00 денари.

**Нови линии за улично осветлување**

Во 2022 година беше реализирана активноста на поставување ново улично осветлување на **новопробиената улица Партизанска 2** (кај Воените кули во Нерези и ресторан Каскада), за што беа потрошени 292.820,00 денари буџетски средства на Општина Карпош.

## 2.2. ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

1. **Изработка на нова тригодишна програма за енергетска ефикасност 2021-2023 година**

Новата Програма за енергетска ефикасност на Општина Карпош 2022-2024 беше изработена со сопствениот кадровски потенцијал во Секторот за екологија и енергетска ефикасност. Програмата е одобрена од Советот и објавена на веб страната на Општината, и истата е достапна на следниот линк: https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Programa-za-EE-Opstina-Karpos_final_28.03.2022.pdf

2. **Замена на рефлекторските системи во спортските сали на две општински основни училиште со ЛЕД светилки**

Замената на внатрешното осветлување во спортските сали во ООУ „Владо Тасевски“ и ООУ „Петар Поп Арсов“ е завршена согласно проектната документација.

Заштедата на инсталираната моќност воедно подразбира и 60% помала потрошувачка на енергија. Нивото на осветленост е двапати поголемо, а трајноста на светилките е 70.000 работни часа. Новите светилки имаат заштитна поцинкувана мрежа отпорна на удари што е соодветно за користење во вакви услови.

... 349.875,00 денари

3. **Замена на нисконапонски табли, осигурувачи и инсталација во ООУ „Аврам Писевски“, УЗ Бардовци**

Во тековната година се изврши замена на старите дотраени табли со топливи осигурувачи и инсталации кои претставуваа закана за безбедноста на корисниците и учениците со што и оваа активност предвидена во програмата е завршена. Изведувач на работите беше фирмата “Мобил Ел” од Скопје.

... 423.695,00 денари

4. **Субвенционирање на енергетско ефикасни кровови**

Објавен е јавен повик за доделување на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош. Реализацијата на оваа активност ја спроведе Комисија составена од стручни лица од разни сектори на Општината

Карпош.

По повикот беа субвенционирани 6 апликанти, а повикот е сеуште активен со тоа што им е дадена можност на некомплетните апликации да се докомплетираат.

...505.095,00 денари

5. ***Проект „REPLACE - Да го направиме греењето и ладењето за европските потрошувачи ефикасно, економично, чисто и климатски прифатливо“ од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската Унија за индивидуални системи за греење и ладење од обновливи извори на енергии***

Во рамките на проектот „REPLACE“ од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија за индивидуални системи за греење и ладење од обновливи извори на енергии, каде општината Карпош е партнер, се изработи REPLACE – Калкулатор, алатка која помага во изборот на климатски прифатлив систем за греење како замена на стариот и неефикасен систем. Калкулаторот е јавно достапен за граѓаните, преку кој граѓаните можат да проверат кои технички решенија за замена на постојниот систем на греење се применливи, какви финансиски импликации има замената како и влијанието на системот врз животната средина.

Во тековната година се спроведоа повеќе обуки за вработените во Секторот за екологија и енергетска ефикасност за работа со софтверската алатка (калкулатор), опциите на системи за греење и ладење на обновливи извори достапни на пазарот, можностите истите да се измерат и да ги соопштат очекуваните енергетски и финансиски заштеди и пошироки општествени придобивки од замената на системот.

6. ***Учество во проектот „EXCITE - Стандарди за одличност, инвестирај во доверба: сервиси за енергетски менаџмент прилагодени на локалните власти во Источна Европа“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската Унија, спроведен од Хабитат – Македонија***

Општина Карпош заедно со општините Кичево и Кочани е партнер во проектот „EXCITE“ со кој се спроведува ЕЕА методологијата на локално ниво. Ова е развиен и напреден европски систем за управување со квалитет и афирмација кога се во прашање политики, програми, проекти и мерки за подобрување на енергетската ефикасност, користењето на обновливи извори на енергија и

климатските промени.ЕЕА методологијата ги поддржува локалните власти во воспоставување пристапи за спроведување ефективни мерки за енергетска и климатска политика.

За потребите за имплементирање на активностите на проектот беше формиран енергетскиот тим за проектот кој го составуваат претставници од повеќе сектори во Општина Карпош: Сектор за екологија и енергетска ефикасност, Сектор за развој и Сектор за урбанизам. Тимот беше задолжен за собирање на сите потребни документи и информации потребни за добивање на оценка на општината за нивото на спроведување на активности за енергија и клима согласно ЕЕА методологијата, а притоа се изработи и база на податоци потребни за сертифицирање на ЕЕА методологијата и добивање на ЕЕА - Европското енергетско признание.

Во текот на 2022 година беа одржани повеќе обуки и работилници преку електронските алатки за комуникација како и обуки со физичко присуство. Претставниците од енергетскиот тим на Општина Карпош активно учествуваа на две дводневни работилници во Велес со цел квалитетно и целосно имплементирање на ЕЕА методологијата.

Во рамки на проектот претставник од Секторот за екологија и енергетска ефикасност активно учествуваше на две студиски посети во Клуж Напока, Романија и во Виена, Австрија. На студиската посета присуствуваа партнерите од конзорциумот на проектот, пилот општините и меѓународните консултанти за Европското енергетско признание (EuropeanEnergyAward – EEA). Цел на овие студиски посети е да се запознаат пилот општините со теоретски и практични знаења и искуства поврзани со ЕЕА методологијата. Покрај едукативниот дел за кој се реализираа сесии за обука, се реализираа и посети на повеќе општини кои веќе ја имаат имплементирано и сертифицирано ЕЕА методологијата и од тоа имаат забележителни придобивки манифестирани како заштеда на енергија и намалени емисии на јаглероден диоксид и други параметри за превенција и заштита од климатски промени.

7. ***Учество во проектот „ComAct - Активности за намалување на енергетската сиромаштија прилагодени во заедницата“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската Унија, спроведен од Хабитат – Македонија***

Општината Карпош е партнер во проектот „ComAct“ со кој се воведуваат прилагодени мерки за намалување на енергетската сиромаштија во станбените згради. Главна цел е да се овозможи

скапите и најефикасни мерки за подобрување на енергетската ефикасност на објектот да бидат достапни и лесно да се управуваат од страна на заедниците кои се соочуваат со енергетска сиромаштија. Како дел од овој проект, во тековната година се организираа повеќе активности:

1. Промоција на веб алатката – Регистар на станбени згради.Претставниците од Секторот за екологија и енергетска ефикасност активно учествуваа на промоцијата на регистарот на станбени згради кој има за цел поефикасно пребарување и полесно спроведување на анализи и проценки за станбениот фонд на општинско и национално ниво. Регистарот на станбени згради е достапен на следниот линк: HABITAT - Building Management (buildingmanagementweb.azurewebsites.net)

2. Посета на Општина Карпош од страна на делегација од претставници од земјите членки на конзорциумот на проектот. Делегацијата на проектот оствари работна средба со градоначалникот Стевчо Јакимовски и претставници од Секторот за екологија и енергетска ефикасност со цел размена на искуства и информации за досегашни реализирани активности за енергетската ефикасност на станбени згради. Во посетата учествуваа претставници од повеќе земји од Централна и Источна Европа (Унгарија, Бугарија, Македонија, Словачка, Литванија, Украина, Босна и Херцеговина и Германија). Учесниците посетија и дел од реновираните станбени згради со подобрени енергетски перформанси кои се дел од заедничките долгогодишни активности помеѓу Општина Карпош и Хабитат Македонија, а воедно го посетија и Ресурсниот центар за енергетска ефикасност, отворен во просториите на општината, кој на граѓаните им нуди широк спектар на услуги како што се совети, информации, директни консултации, застапување итн.

3. Заедничко одбележување на светскиот ден на домувањето. Во рамки на проектот „ComAct“ Општина Карпош и Хабитат Македонија организираа едукативен и информативен настан со посебни информации за повеќе таргетирани згради, моменталната состојбата и можностите за подобрување на енергетската ефикасност. Настанот беше медиумски покриен.

8. *Учество во проектот „EnergyMEASURES – Прилагодени мерки за енергетски ранливите домаќинства“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската Унија, спроведен од Хабитат Македонија*

Општината Карпош е партнер во проектот „EnergyMEASURES“ кој се однесува на спроведување координирани програми за енергетска потрошувачка во која се вклучени домаќинства и посочување на структурните проблеми поврзани со енергетската сиромаштија.За ублажување на енергетската сиромаштија најефективно и одржливо средство е намалувањето на потребата за електрична енергија, што вклучува подобрување на енергетските перформанси на живеалиштата и промовирање енергетски ефикасни навики кај ранливите домаќинства.

*9. Учество во проектот „SUNRISE – Prosumer Solar Energy од програмата Europaische Klimainitiative (EUKI) на Европската Унија, спроведен од Хабитат Македонија*

Општина Карпош потпиша писмо за поддршка на проектот SUNRISE кој започна со реализација во Ноември 2022 година,а за понатамошна реализација на активностите беше одржан прввиот состанок во просториите на општината.

*10. Учество во проектот „Одржливост и образовни аспекти на технологиите на обновливи извори на енергија и горива од обновливи извори на енергија“*

Општина Карпош го поддржа и се приклучи кон активностите на проектот „Одржливост и образовни аспекти на технологиите на обновливи извори на енергија и горива од обновливи извори на енергија“, предводен од FiR.mt како координатор, финансирано од програмата HORIZON–CLP-2021-D3-02-O2 во соработка со Факултетот за Електротехника и Информациски Технологии Скопје.

Проектот е насочен кон надополнувања на знаењата и подобрување на вештините на заедниците за технологии засновани на ОИЕ и горива од ОИЕ преку мулти-дисциплинарни програми и интерактивна едукација. Проектот започна во Септември 2022 година за кој се реализираше прв заеднички состанок.

*11. Учество во програмата „Европска Граѓанска Енергетска Академија - ЕУЦЕНА“во организација на енергетската задруга „Електра Енерџи“ и Европската федерација за енергетски задруги „РЕСКУП“, финансирано од ЕУ Хоризон 2020*

Главната цел на програмата е да се започне формирање на Балканска енергетска мрежа на заедницата преку растечка заедница на амбасадори и да го поддржи растот на енергетските заедници во источниот регион на Европа.

Програмата овозможи вмрежување на сите засегнатите страни за енергетска заедница од Балканот, размена на знаење, алатки, вештини и добри практики. Придонесе кон консолидирање на движењето за енергија во заедницата во Југо-источна Европа, каде граѓанската енергија тукуштo се развива, преку соработка со партнерите од Централна Европа, каде веќе постои традиција за граѓанска енергија.

Претставник од Секторот за екологија и енергетска ефикасност активно учествуваше на настанот кој се одржа во Солун, Грција и ги презентирање досегашните достигнувања и активности на Општина Карпош, како и предизвиците во областа на енергетската ефикасност и енергетските заедници.

Со учеството во оваа програма, Општина Карпош стана дел од Балканска енергетска мрежа на заедницата преку растечка заедница на практичари/амбасадори. Учесниците во програмата добија сертификат за акредитирани „Енергетски амбасадори за граѓанска енергија на Балканот“.

### *12. Формирање на „Ресурсен – инфо центар“ за граѓаните на Општина Карпош во просториите на Општината во зградата на ЗЕЛС*

Со потпишаните договори со проектите од Хабитат Македонија и SDEWES Скопје во просториите на Општина Карпош во зградата на ЗЕЛС е формиран Ресурсен (инфо) центар достапен и отворен за граѓаните на општината. Добиените материјали од проектот (лаптоп, полица/рафт, маса, столици и информативна табла) се изложени во овој приемен простор за граѓаните.

Нашата намера е целосно во просторот да направиме ретроспектива на сите печатени материјали (проекти, постери, брошури, денови за ЕЕ и сл.) како информативен простор за се што Општината Карпош сработила во полето на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија. Останува да се направи целосно адаптирање на една просторија за непречено функционирање на ресурсниот центар.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/9** ГРАДОНАЧАЛНИК
**Датум:07.02.2023 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 25/2022), Советот на Општина Карпош на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за развој на Општина Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број:09-420/12**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Секторот за развој на Општина Карпош, изготви

## ИЗВЕШТАЈ
## за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година

### 1. “Подготовка на Стратешки План за развој на Општина Карпош 2022 – 2026”

Краток опис: Документот е наменет да ги поддржи носителите на одлуки во општината во нивната работа за успешно управување со развојот на општината и според приоритетите да ги насочи општинските ресурси кон подобрување на нивото на економската активност во општината, вработувањето, животниот стандард и благосостојбата на граѓаните.

Подготовката на документот се одвиваше преку состаноци и предлози од општинската администрација, со посебен акцент на администратицијата вработено во урбаните и месни заедници, контакти со локалните бизниси, невладините организации, како и предлози од граѓаните се со цел вклучување на се поголем број предлог проекти како и насоки за нивна реализација преку партнерство помеѓу општината и релевантните субјекти. Исто така, во подготовката на Стратегијата за развој беа вклучени и Советниците од сите политички партии и група на граѓани кои го сочинуваат Советот на Општина Карпош преку детектирање на сите проблеми и давање на директни предлог идеи за подобар развој на Општина Карпош.

Паралелно во текот на собирање на анкетните прашалници, се собираа и податоци за општината кои беа неопходни да бидат дел од стратешката анализа и патоказ за тоа каде и како се движи Општина Карпош во својот развој. Откако се заврши процесот на собирање на податоци се започна со подготовка на концепттот и содржината на документот. Пред нејзино усвојување истиот беше пратен на разгледување, дополна и сугестии до сите Раководители на сектори и одделенија, како и до Советниците од Советот на Општина Карпош.

Дефинирани беа пет долгорочни Стратегиски насоки за развојот на општината (вкупно 20 приоритетни Стратегиски цели, 55 мерки и 164 проекти).

Предлог - Стратегијата за локален развој на Општина Карпош 2022-2026 година беше предложена за расправа и донесување на последната седница на Советот на Општината Карпош и истата беше успоена.

## 2. Крводарителска акција

Краток опис: Секторот за Развој во соработка со Црвениот крст и Заводот за трансфузиологија оваа година организираше две крводарителски акции, едната во месец март, а втората традиционална по повод годишнината на општината во месец ноември.

Како и секоја акција така и овие две започнаа две недели порано со информирање на сите досегашни крводарители, вработените во општинската администрација, детските градинки, основните училишта, бизнис секторот и Советниците од Советот на Општина Карпош, како и поставување на плакати со цел информирање на јавноста за оддржување на активноста.

И двете крводарителски акција се одвиваа во спортската сала на ОУ Лазо Трповси од 09:00 до 17:00 часот. И на двете крводарителски акции беа собрани над 120 крвни единици.

## 3. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија

Краток опис: За прв пат во 2022 година, Општина Карпош преку Секторот за развој се спроведе мерката за поттикнување и помош на млади лица кои живеат во Општина Карпош да полагаат возачка дозвола, при тоа одреден износ за обука од теоретскиот и стручниот дел да им биде субвенциониран односно вратен.

Најнапред се објави Јавен повик за избор на авто школи, каде вкупно 9 авто школи конкурираа, а од нив само 7 ги понудиа најповолните услови и ги исполнија дадените критериуми односно се обврзаа за минималната цена од Правилникот за оспособување на возачи во авто школи во износ од 16.320,00 денари без ДДВ, односно 19.258,00 денари за авто школи кои се ДДВ

обврзници. Станува збор за следните авто школи: Софи скул, Бобием, Тримоски, Смарт, Сигурност, Шкорпион и АМСМ. Со истите беше потпиан Договор за соработка на 21.06.2022 година

Исто така, на 21.06.2022 година беше објавен јавниот повик за субвенционирање на младите за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола. До 31.12.2022 година вкупно 244 млади лица поднесоа барање за субвенционирање. Од нив 215 ги исполнија условите и истите се субвенционирани со 50% од вкупниот износ. Одбиени беа 29 лица, главно поради тоа што се постари или не живеат во Општина Карпош. За 215 лица вкупно беа исплатени 2.159.086,00 денари од Програмата на Секторот за развој на Општина Карпош.

**4. Обука за проектно планирање, можности и аплицирање на ЕУ проекти и други фондови со невладиниот сектор**

**Краток опис:** По предходни подготовки и координативни состаноци оваа активност започна во месец декември. Најнапред се направија обуки за подготовка на проекти, добро планирање и раководење со проектите како клучен предуслов да се надминат ризиците и истите да се спроведат навреме и во рамките на планираниот буџет. Сетот на обуки се состоеше од два дена теоретски обуки и 2 недели практични обуки на конкретна апликација вклучувајќи ја и најшироко употребуваната – логичката рамка. Паралелно со тоа течеше и процес на испитување на јавни повици за грантирање и аплицирање и состаноци со НВО за партнерство во проекти. Врз основа на ова се пристапи кон реално пополнување на апликација за конкретни проекти. Во овој момент се подготвуваат две апликации кои се планира да се поднесат во месец февруари/март, а во март при отварање на фондови од страна на ЕУ се планира да се изработат уште минимум две апликации од страна на вработените во секторот и нивно менторство.
Оваа активност се уште е во тек и се планира да се заврши откако ќе се подготват и поднесат минимум 4 апликации за грантирање на проекти.

**5. Членство во Европската асоцијација за локална демократија - АЛДА**

При договор со АЛДА оваа година се пристапи само кон обука од страна на еден претставник од Секторот за развој во Италија за вмрежување и согледување на донатори, а официјално соработката со АЛДА и нашето членство ќе започне во 2023 година.

Б)

АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД ПРОГРАМАТА НА СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ - ДОБИЕНИ ПРОЕКТИ

1. Грант средства за набавка на комбиниран ровокопач - натоварувач за потребите на Општина Карпош

Краток опис: Како резултат на успешната имплеметација на заемот добиен од страна на Светска банка - Програма за задолжување на општините МСИП 2, Општина Карпош апликацираше до Светска банка за добивање на грант средства во вредност од 3.337.825,00 денари за набавка на комбиниран ровокопач/натоварувач. Апликацијата беше прифатена и беше склучен Договор за грант со Министерство за финансии и општината, при што пристапено е кон отварање на тендерка постапка и набавка на комуналното возило.

По завршување на тендерската постапка на 14.02.2022 година, се избра најповолен понудувач кој понуди ровокопач/натоварувач во вредност од 3.290.000,00 денари и во јуни се изврши примопредавање на возилото. Двајца вработени поминаа обуки за управување со машини/возило и веднаш по обуките се започна со користење на возилото односно негова употреба за расчистување на депонии, канали, ископи и слично

2. Зајакнување на општинските совети - Фаза 2

Краток опис: По објавување на Јавниот повик од страна на УНДП и Швајцарската амбасада, Секторот за развој во координација со Градоначалникот и поддршка од страна на сите Советници од Советот на општината подготви апликација и конкурираа на проектот. Главна цел на проектот е поддршка на развојот на локалните самоуправи, првенствено преку зајакнување на општинските совети со цел ефективно да ги исполнат доделените улоги и донесување на одлуки со активно вклучување на граѓаните.

Проектот се одвива во две фази. Првата фаза ќе трае до март 2023 година и ќе се насочи кон зајакнување на капацитетите на членовите на советите на општините, бмрежување на советниците и избор на приоритетни проекти преку партиципативен пристап. За оваа фаза ќе бидат отвоени 10.000-12.000 $.

Во второта фаза која ќе трае од април до ноември 2023 година, ќе се спроведат 1-3 приоритетни проекти предложени и избрани од граѓаните преку Форуми во заедниците. За оваа фаза одобрени ќе бидат 60.000$.

Кофинансирање на општината е предвидено со 20% од вкупниот доделен буџет, покривање на лиценциран фасилитатот, подготовка на техничка документација за избран проект и надзор на реализација на проектот.

**3. Поставување по две смарт табли во сите основни училишта на територија на Општина Карпош**

**Краток опис:** Преку Скопски плански регион и Бирото за регионален развој, а во партнерство со Општина Аеродром и Кисела вода се поставија по 2 смарт табли во сите 10 училишта кои се наоѓаат на територија на Општина Карпош. Целта на проектот е да се помогне образовниот процес преку користење на иновативни методи и работа следејќи ги светските трендови на изучување на наставните предмети. Со смарт таблите беа инсталирани и прожектори и цела пропратна опрема за нивно користење.

Вкупната вредност на донацијата е 1.700.000,00 денари како целосен грант од проектот.

**4. Младите за социјални промени - тренинг на млади за здравје и активни локални заедници**

**Краток опис:** На покана на SPIN Sport innovation од Кобург, Германија и Здружението ТАКТ од Македонија, Општина Карпош се вклучи во проектот на Еразмус + програмата од Европска унија како партнер во овој проект. Целта на проектот е да се поддржат младите од повеќе земји од Европа (Германија, Австрија, Македонија, Србија) да се вклучат во низа спортски активности, обуки и социјални настани со цел да се поврзат младите и разменат меѓусебни искуства во спортот, живеењето, нивното учество во локалната самоуправа и начинот на живеење. За таа цел во ноември секоја земја ги регрутирање своите млади (9 лица) кои работеа на овие прашања, ги детектираа проблемите на младите во својата средина, создаваа свои идеи и ќе се насочат кон реализација на истите.

Во октомври 2023 година, Општина Карпош ќе биде домаќин на интернационален камп на млади на кои младите од сите вклучени земји ќе работат на 10 модули и размена на искуства преку спорт и социјални активности во времетраење од 5 дена.

За таа цел на Општина Карпош и е доделен грант од 7.750 евра за реализација на оваа активност.

Во понатамошниот период ќе следат и други активности и студиски посети се до завршување на проектот во 2024 година.

## В. АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД ПРОГРАМАТА НА СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ - ПРОЕКТИ КОИ ЧЕКААТ НА ОДОБРУВАЊЕ

### 1. Waste smart - Прекугранична соработка со Косово

Краток опис: По објавување на јавниот повик од страна на Европската унија за прекугранична соработка меѓу Република Косово и Македонија, Општина Карпош започна со активности со цел подготовка на проектна апликација. За таа цел се пронајде заинтересиран партнер од косовска страна - Општина Клокот каде преку контакти и состаноци се дојде до заеднички интерес на двете страни. Според целите на повикот се одлучи да се подготви апликација на тема животна средина - поставување на подземни контејнери како пилот проект во Карпош 4.

Станува збор за поставување на 10 подземни контејнери од 3 и 1 литар, на различни локации во урбаната заедница и со тоа сите постојани надземни контејнери би се замениле со подземни. Проектот вклучува и низа едукативни материјали за населението со цел подигнување на свеста за зачувување на животната средина.

Во период кој следува очекуваме одговор од европската унија за прифаќање на проектот.

### 2. Поставување на фотоволтаици во две основни училишта

Краток опис: Преку Форуми на заедниците организирани од страна на Скопски плански регион, а финансирани од Швајцарската канцеларија за соработка и Бирото за регионален развој, Општина Кисела Вода како носител, а во партнерство со Општина Карпош и Зелениково поднесе апликација за поставување на фотоволтаици во две основни училишта. Станува збор за грант средства од 2.300.000,00 денари за Општина Карпош и наше учество со 30% од вкупниот износ на доделени средства. Во овој износ вклучена е и вредноста за изработка на проект и техничка документација за поставување на фотоволтаици.

Првата фаза на добивање на овој проект е поминатa преку негов избор на Форумите на заедниците. До март би знаеле за негово финално одобрување.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-969/10
Датум:07.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 25/2022), Советот на Општина Карпош на дваесетата седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број:09-420/13
Датум:30.01.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

**ИЗВЕШТАЈ**
за реализација на Програмата
за активностите на Општината Карпош
во областа на уредувањето на градежно земјиште
и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за **2022 година**

| РБ | УЗ | ОПИС | СУМА |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1 | | РЕКОНСТРУКЦИЈА / АСФАЛТИРАЊЕ | |
| 1 | МЗ Нерези | Реконструкција ( Рехабилитација) на постојна улична мрежа на улица “Крак од Козле 10“ – МЗ Нерези, | 2.182.285,00 |
| 2 | МЗ Нерези | Реконструкција на постојна улична мрежа на ул.„Козле 9“ | 563.120,00 |
| 2 | | УЧИЛИШТА/ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА | |
| 1 | | Реконструкција на тоалет на лица со попреченост на ООУ „Вера Циривири Трена“ | 299.024,00 |
| 5 | | РЕКАПИТУЛАР | |
| | | **По градежни активности** | **Сума** |
| 1 | | РЕКОНСТРУКЦИЈА/АСФАЛТИРАЊЕ | **2.745.405,00** |
| 2 | | УЧИЛИШТА/СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА | **299.024,00** |
| | | ВКУПНО | **3.044.429,00** |
| 6 | | ОСТАНАТО | |
| | | ИТНИ ИНТЕРВЕНЦИИ | |
| 1 | | Реконструкција на санитарни јазли и инсталации за довод и одвод во основни училишта, градинки и други објекти во надлежност на Општина Карпош | 1.000.000,00 (сеуште активен договор) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | | Асфалтирање на ударни дупки на јавни сообраќајни површини, сервисни и станбени улици, локални патишта и санации на прекопи на територија на Општина Карпош | 2.000.000,00 |
| 3 | | Итни интервенции за санација на кровови на објекти во надлежност на Општина Карпош | 2.000.000,00 |
| 4 | | Интервенции на оштетени улици, тротоари, колско пешачки патеки и пешачки патеки во зелена површина на територија на Општина Карпош | 4.000.000,00 (сеуште активен договор) |
| 5 | | Итни интервенции на фекална и атмосферска канализација на територија на Општина Карпош | 3.000.000,00 |
| 7 | | ДРУГО | |
| 1 | | Одржување на сообраќајници (собирни, сервисни, станбени улици и пешачки патеки) на територија на Општина Карпош во зимски услови за период 2021-2022 година | 5.180.347,00 |
| 2 | | Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација | 1.000.000,00 (сеуште активен договор) |
| | | ВКУПНО | |
| 8 | | ИЗРАБОТКА НА ТЕХ. ДОКУМЕНТАЦИЈА | |
| 1 | | Изработка на основни проекти за измена на режим на сообраќај на територија на Општина Карпош | 700.000,00 (сеуште активен договор) |
| 2 | | Изработка на техничка документација за проекти од инфраструктура за потребите на Општина Карпош | 1.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | | Изработка на техничка документација за објекти од високоградба за потребите на Општина Карпош | 1.000.000,00 (сеуште активен договор) |
| 4 | | Изработка на Елаб орати за геомеханички испитувања | 300.000,00 |
| 9 | | НАДЗОР | |
| 1 | | Вршење на стручен надзор над изградба и реконструкција на водоводни мрежи, фекални канализации, атмосферски канализации и топловодни мрежи на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |
| 2 | | Вршење стручен надзор над изградба,реконструкција и одржување на локални патишта,сервисни и станбени улици,паркиралишта ,тротоари,патеки и пристапни рампи на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |
| 3 | | Вршење на стручен надзор над реконструкција на основни училишта и реконструкција и изградба на градинки на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |
| 4 | | Вршење на стручен надзор над реконструкција на станбени објекти на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |
| 5 | | Вршење на стручен надзор над изградба,реконструкција и одржување на партерно уредување,плоштади,платоа на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |

СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО

ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/11** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:07.02.2023 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година (Службен гласник на Општина Карпош број 23/2021), Советот на Општина Карпош на дваесетта седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Сектор за уредување на градежно замејиште и комунални работи.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-420/14**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на Програмата за активностите на Општината Карпош во областа на уредувањето на градежно земјиште и комунални работи за 2022 година

| РБ | УЗ | ОПИС | СУМА |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1 | | РЕКОНСТРУКЦИЈА / АСФАЛТИРАЊЕ | |
| 1 | МЗ Нерези | Реконструкција ( Рехабилитација) на постојна улична мрежа на улица “Крак од Козле 10“ – МЗ Нерези, | 2.182.285,00 |
| 2 | МЗ Нерези | Реконструкција на постојна улична мрежа на ул.„Козле 9“ | 563.120,00 |
| | | | |
| 2 | | УЧИЛИШТА/ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА | |
| 1 | | Реконструкција на тоалет на лица со попреченост на ООУ „Вера Циривири Трена“ | 299.024,00 |
| | | | |
| 5 | | РЕКАПИТУЛАР | |
| | | По градежни активности | Сума |
| 1 | | РЕКОНСТРУКЦИЈА/АСФАЛТИРАЊЕ | 2.745.405,00 |
| 2 | | УЧИЛИШТА/СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА | 299.024,00 |
| | | ВКУПНО | 3.044.429,00 |
| 6 | | ОСТАНАТО | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ИТНИ ИНТЕРВЕНЦИИ | |
| 1 | | Реконструкција на санитарни јазли и инсталации за довод и одвод во основни училишта, градинки и други објекти во надлежност на Општина Карпош<br><br>ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“, ООУ „Аврам Писевски“, ООУ „Вера Циривири Трена“,ООУ „Братство“, ООУ „Владо Тасевски“, М.З. Бардовци | 1.000.000,00 (сеуште активен договор) |
| 2 | | Асфалтирање на ударни дупки на јавни сообраќајни површини, сервисни и станбени улици, локални патишта и санации на прекопи на територија на Општина Карпош<br><br>Ул.„Леринска“ ул.„Џумајска“, ул.„Ристо Равановски“, ул.„Анкарска“, ул.„Дрезденска“, ул.„Римска“, ул.„Јуриј Гагарин“, ул.„Милан Марковиќ“, ул.„Миле Поп Јорданов“, ул.„Нерешка“, ул.„Јан Хус“, ул.„Ванчо Мицков“, ул.„Демир Трајко“, ул.„Столе Стојчев“, ул.„Мраморец“, ул.„Франце Прешерн“, ул.„Партизанска 6“, ул.„Вич“, ул.„Волгоградска“, ул.„Разловечко Востание“,ул.„Илинденска“ – пешачка патека, ул. „Карпошево Востание“, Лептокарија, ул.„Струма“,ул.„Козле“, ул.„Никола Русински“ | 2.000.000,00 |
| 3 | | Итни интервенции за санација на кровови на објекти во надлежност на Општина Карпош<br><br>„Распеана Младост“ – Карпош 1, „Мајски Цвет“ – У.З. Тафталиџе 1, „Мајски Цвет“ – У.З. Владо Тасевски, ООУ „Христијан Тодоровски Карпош “ – У.З. Карпош 1, ООУ „Аврам Писевски“ – М.З. | 2.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Бардовци | |
| 4 | | Интервенции на оштетени улици, тротоари, колско пешачки патеки и пешачки патеки во зелена површина на територија на Општина Карпош<br><br>„Сенатор Казино“ – интервенции на пешачка патека од ул.„Московска“ до семафорите пред мостот „Обединети Нации“<br>Ул.„Козле 16“ – патека<br>Локации помеѓу Млечен Ресторан и Веро – УЗ Владо Тасевски | 4.000.000,00 (сеуште активен договор) |
| 5 | | Итни интервенции на фекална и атмосферска канализација на територија на Општина Карпош<br><br>Ул.„Леринска“ – фекална канализација<br>Ул.„Орце Николов“ –реконструкција на фекална шахта<br>Ул.„1506“ – фекална канализација<br>Ул.„Влае“ – сливник<br>Ул.„Никола Парапунов“ – сливник и попивателен бунар (шахта)<br>Ул.„Никола Русински“ – две фекални шахти<br>Ул.„10“ Бардовци – фекална канализација<br>Ул.„Багдатска“ – реконструкција на шахти<br>Ул.„ 8-ми Септември“ – реконструкција на шахти<br>Ул.„Скупи 22“ – атмосферска канализација<br>Ул.„„Пелистерска“ – атмосферска канализација<br>Ул.„Радика“ – атмосферска канализација<br>ТЦ „Антико“ – атмоферска канализација<br>„Александар Палас“ – реконструкција на шахта<br>Ул.„Бранислав Нушиќ“ – атмосферска канализација | 3.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Ул.„Крагуевачка“ – атмосферска канализација<br>Ул.„Козле 3 “ – реконструкција на шахти<br>Ул.„Миле Попјорданов“ –реконструкција на шахта<br>ООУ „Аврам Писевски“ – фекална шахта на главна улица пред училиштето | |
| 7 | | ДРУГО | |
| 1 | | Одржување на сообраќајници (собирни, сервисни, станбени улици и пешачки патеки) на територија на Општина Карпош во зимски услови за период 2021-2022 година<br><br>Трнодол<br>Жданец<br>Ловќенска<br>Нерези<br>Загребска<br>Бардовци | 5.180.347,00 |
| 2 | | Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација<br><br>Ул.„Козле“, ул.„Варшавска“, ул.„Загребска“, пред ООУ „Вера Циривири Трена“, „Христијан Тодоровски Карпош“, „Лазо Трповски“, „Димо Хаџи Димов“, „Петар Поп Арсов“, ( обележување пешачки линии и зебри)ул.„Партизанска“, ул.„Анкарска“, ул.„Никола Русински“ ( ознаки за лица со инвалидитет), ул.„Прашка“,ул.„Багдатска“, ул.„Њуделхиска“, ул.„Бранислав Нушиќ“, ул.„Карпошево Востание“, ул.„Ангел Динев“, ул.„Волгоградска“ (изработка , монатажа и санација на сообраќајни столбови) | 1.000.000,00<br>(сеуште активен договор) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО | 21.224.776,00 |
| 8 | | ИЗРАБОТКА НА ТЕХ. ДОКУМЕНТАЦИЈА | |
| 1 | | Изработка на основни проекти за измена на режим на сообраќај на територија на Општина Карпош<br><br>Основен сообраќаен проект за утврдување на постојниот режим на сообраќај од траен карактер на улици во УЗ Владо Тасевски<br>Основен сообраќаен проект за утврдување на постојниот режим на сообраќај од траен карактер на улици во КЈП<br>Основен сообраќаен проект за утврдување на постојниот режим на сообраќај од траен карактер на улици во УЗ Карпош 1<br>Основен сообраќаен проект за еднонасочен режим на сообраќај на постојна состојба на дел од улица „Орце Николов“ | 700.000,00 (сеуште активен договор) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | | Изработка на техничка документација за проекти од инфраструктура за потребите на Општина Карпош<br>Основни проекти со Ревизии за реконструкција на улици:<br>Ул.„Козле 12“<br>Ул.„Козле 20“<br>Ул.„Козле 10“<br>Ул.„Козле 9“<br>Ул.„Козле 14“<br>Ул.„Козле 4“<br>Ул.„Козле 3“<br>Основен проект и Ревизија за дел од сервисна улица „Д“ дел од улица „А“ – ( ул.„Скупи 3“) МЗ Злокуќани<br>Основен проект и Ревизија за атмосферска канализација за дел од ул.„Јуриј Гагарин“<br>Основен проект и Ревизија за реконструкција на постојна улична мрежа на крак од ул.„Бањалучка“ УЗ Тафталиџе 2<br><br>Основен проект и Ревизија за реконструкција на дел од ул.„Јуриј Гагарин“ КЈП<br>Основен проект за изградба на фекална канализација У.З Злокуќани | 1.000.000,00 |
| 3 | | Изработка на техничка документација за објекти од високоградба за потребите на Општина Карпош<br>Основен проект со Ревизија за реконструкција на фасада на об јект ЈУОДГ „Пролет“ на ул.„Миле Поп Јорданов“ бр.74 | 1.000.000,00 (сеуште активен договор) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Основен проект со Ревизија за реконструкција на фасада на об јект ЈУОДГ „Орце Николов“ на ул.„Карпошево Востание “ бр.1<br>Основен проект со Ревизија за реконструкција на кровна конструкција на об јект ЈУОДГ „Орце Николов“ на ул.„Карпошево Востание “ бр.1 | |
| 4 | | Изработка на Елаб орати за геомеханички испитувања<br>Геомеханички Елаборат за потпорен ѕид на дел од ул.„Теодосиј Син аитски“<br>Геомеханички Елаборат за дел од ул.„Теодосиј Синаитски“<br>Геомеханички Елаборат за доградба на ЈУОДГ „Пролет“ – објект СОНЧОГЛЕДИ на ул.„Франце Прешерн“ бр.65 У.З Влае 1 | 300.000,00 |
| | | | |
| 9 | | НАДЗОР | |
| 1 | | Вршење на стручен надзор над изградба и реконструкција на водоводни мрежи, фекални канализации, атмосферски канализации и topловодни мрежи на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |
| 2 | | Вршење стручен надзор над изградба,реконструкција и одржување на локални патишта,сервисни и станбени улици,паркиралишта ,тротоари,патеки и пристапни рампи на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |
| 3 | | Вршење на стручен надзор над реконструкција на основни училишта и реконструкција и изградба | 100.000,00 (сеуште активен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на градинки на територија на Општина Карпош | договор) |
| 4 | | Вршење на стручен надзор над реконструкција на станбени објекти на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |
| 5 | | Вршење на стручен надзор над изградба,реконструкција и одржување на партерно уредување,плоштади,платоа на територија на Општина Карпош | 100.000,00 (сеуште активен договор) |

СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО

ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2022 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/12**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 23/2021), Советот на Општина Карпош на дваесетта седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделение за култура и спорт.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-420/15**
**Датум:30.01.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗИРАНАТА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО
# ЗА КУЛТУРА И СПОРТ ЗА 2022 ГОДИНА
# (КУЛТУРА)

Според донесениот план, динамика и активности за работа на одделението за култура и спорт, за организација и реализација на предвидените проекти од дејноста на културата, согласно усвоената програма од страна на советот на Општина Карпош за 2022 година, беа успешно започнати, организирани и реализирани следните проекти:

КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2022

Нереализирано

ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ

Општина Карпош во своите програмски активности издвојува финансиска поддршка на лица од општината кои се занимаваат со култура и беше наменета за реализација на разни манифестации и програми до 30.000 денари.

- Финансиски средства во висина од 4.000 денари x 1
- Финансиски средства во висина од 10.000,00 денари x 3
- Финансиски средства во висина од 15.000,00 денари x 1
- Финансиски средства во висина од 20.000,00 денари x 5
- Финансиски средства во висина од 25.000,00 денари x 1
- Финансиски средства во висина од 30.000,00 денари x 3

ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОЕКТИ ОД КУЛТУРАТА

Општина Карпош во своите програмски активности издвојува финансиска поддршка за проекти од културата преку кои се зголемува нивото на културна свест на граѓаните во општината.

- Финансиски средства во висина од 30.000,00 денари x 1
- Финансиски средства во висина од 35.000,00 денари x 1
- Финансиски средства во висина од 40.000,00 денари x 2

- Финансиски средства во висина од 50.000,00 денари x 2

МКУД „ Цветан Димов“

По повод 50 години постоење на МКУД „Цветан Димов“, на 14.12.2022 година, во Домот на Армијата беше одржан целовечерен концерт. Учество земаа различни генерации кои биле дел од ова друштво, како и редовните активни членови. На овој настап со својот квалитет се истакнаа младите членови кои преставуваат светла иднина на друштвото.

Исто така МКУД „Цветан Димов“ и оваа година ја организираше фолклорната школа „Ајде да научиме да ги играме прекрасните македонски ора“ каде сите ученици кои беа заинтересирани без надомест истата ја посетуваа. Фолкорната школа е организирана и смислена како забавно едукативен центар чија основна дејност е развој на детскиот фолклор, а примарна цел сценска примена на народните игри кај децата. Со школата раководеше високо стручен кадар.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2022 година донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-969/13
**Датум:07.02.2023 година**
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2022 година; (Службен гласник на Општина Карпош број 23/2021), Советот на Општина Карпош на дваесетта седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за култура и спорт.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број: 09-420/16
Датум:30.01.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗИРАНАТА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО
# ЗА КУЛТУРА И СПОРТ ЗА 2022 ГОДИНА
# (СПОРТ)

Според донесениот план, динамика и активности за работа на одделението за култура и спорт, за организација и реализација на предвидените проекти од дејноста на спортот, согласно усвоената програма од страна на советот на Општина Карпош за 2022 година, беа успешно започнати, организирани и реализирани следните проекти:

## УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2022
## ОТВАРАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ИГРИ (период септември - декември) 21.09.2022

Во вистинска навивачка атмосфера и веќе подготвени за нови спортски предизвици и резултати, на 21.09.2022 година во дворот на ООУ Лазо Трповски и официјално беа отворени спортските училишни игри во Општина Карпош за учебната 2022/2023 година. Отварањето со своето присуство и настап го збогатија и хорот на училиштето на ООУ Лазо Трповски, Денсерс јунајтед и фолклорно аматерско здружение Ансамбл Етнос. Учениците - спортисти ќе си ги одмерат силите во одбојка, фудбал и кошарка.

- ФУДБАЛА

Фудбалската лига започна на 22.09.2022 година и во нејзе земаа учество сите десет општински основни училишта од подрачјето на општина Карпош. Традиционално се игра во лига систем секој со секого. Натпреварите се одигруваа на спортските терени во населба Влае. По првиот дел најмногу покажа и со право се закити со титулата есенски шампион екипата на ООУ Владо Тасевски.

- КОШАРКА

Кошаркарската лига помеѓу основни училишта на општина Карпош во есенскиот дел започна да се игра на 03.10.2022 година. Во кошаркарската лига учествуваа 7 училишта (ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Којдан Чернодрински, ООУ Лазо Трповски, ООУ Димо

Хаџи Димов, ООУ Вера Циривири Трена и ООУ Владо Тасевски). Натпреварите се играа во училишната сала на ООУ ”Војдан Чернодрински”. Во есенскиот дел имаше доста интересни натпревари, а кошаркарската екипа на ООУ “Владо Тасевски” се најдоа на врвот на табелата и се здобија со титула есенски шампион помеѓу основни училишта на територијата на општина Карпош.

- ОДБОЈКА

Женската одбојкарска лига започна на 5.10.2022 година и ја сочинуваа девет основни училишта (ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Војдан Чернодрински, ООУ Лазо Трповски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Вера Циривири Трена и ООУ Владо Тасевски, ООУ Аврам Писевски и ООУ Христијан Тодоровски Карпош). Натпреварите од лигата се одигрuваа во спортската сала на основното училиште Христијан Тодоровски Карпош. Сите одиграни натпревари од првиот есенски дел поминаа во коректна и спортска атмосфера од страна на сите учесници во лигата, а шампионот во есенскиот дел од лигата е основното училиште на ООУ Владо Тасевски.

## СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КАРПОШ КОИ УЧАТ ВО VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

Одлуката за објавување на оглас за стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на општината беше донесена на 31.01.2022 број 09-439/14. Огласот е заверен во општинската архива под број 11-701/1 од 02.02.2022 година и беше објавен во дневните весници (Вечер и Коха) на 4 февруари. Истиот траеше заклучно со 14 февруари. Исто така огласот беше постиран и на социјалните мрежи на општината, како и на огласните табли во училиштата.

На 21.02.2022 година со почеток во 10.00 часот, комисијата за спортските стипендии во состав: Патрик Поповски и Ивица Јаковлевски од општинската администрација и Славко Митевски и Марјан Стефановски од советот на општина Карпош (отсутен беше Марин Докузовски) ги разгледуваа пристигнатите барања и врз основа на критериумите од огласот се донесуваа содветни и правични одлуки.

Вкупно беа поднесени 28 апликации за четримесечни стипендии, од кои 19 беа одобрени. Од прва категорија во висина од 3.000,00 денари имаше 14 стипендии, а со 2.500,00 денари беа одобрени 5 спортски стипендии. Останатите 9 поднесители не ги исполнија критериумите од огласот.

Со измена на програмата за дејноста спорт, во делот на спортските стипендии, одлука на совет број 09-3848/7 од 10.05.2022 година, се изгласа спортските стипендии за 2022/2023 година да бидат за осум месеци.

Одлуката за објавување на оглас за стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на општината беше донесена на 23.08.2022 број 55-6544/1 и беше објавен во дневните весници (Вечер и Коха) на 25 август. Истиот траеше заклучно со 15 септември. Исто така огласот беше постиран и на социјалните мрежи на општината, како и на огласните табли во училиштата.

На 19.09.2022 година со почеток во 12.00 часот, комисијата за спортските стипендии во состав: Патрик Поповски и Ивица Јаковлевски од општинската администрација и Марин Докузовски, Славко Митевски и Марјан Стефановски од советот на Општина Карпош ги разгледуваа пристигнатите барања и врз основа на условите и критериумите од огласот се донесуваа соодветни и правични одлуки.

Вкупно беа поднесени 39 апликации, од кои 22 беа одобрени. Од прва категорија во висина од 3.000,00 денари имаше 19 стипендии, а со 2.500,00 денари, беа 3 одобрени стипендии. Останатите 17 поднесители не ги исполнија условите и критериумите од огласот.

## СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ ИГРИ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

На 15.10.2022 година се одржаа традицоналните Пензионерски спортски игри на кои земаа учество околу 100 рекреативци. Исто така како и секоја година активните учесници во натпреварувањето беа бодрени од околу 200 свои членови.

Граѓаните на Карпош од така нареченото третото доба, од пензионерските друштва, Тафталиџе и Карпош, си ги одмерија силите во пет дисциплини и тоа: пикадо (мажи и жени), скок во далечина (мажи), фрлање ѓуле (мажи и жени), трчање 60 метри (жени) и трчање 80 метри (мажи) како и шут на гол (мажи и жени). По завршувањето на спортските натпревари дружбата на двете пензионерски друштва продолжи со традиционалниот ручек.

ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Оваа финансиска поддршка беше доделувана на спортисти, рекреативци и невладини организации кои се занимават со спортско рекреативна активност. Оваа финансиска подршка беше наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, спортски кампови, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари.

Оваа еднократна финансиска поддршка ја определуваше комисија составена од пет члена (два члена од општинската администрација и три члена од советниците во советот на општината).

Вкупно беа доделени 39 еднократни финансиски поддршки:

- со 3.000,00 денари, беа доделени две,
- со 5.000,00 денари, беа доделени шест,
- со 6.000,00 денари беа доделени три,
- со 10.000,00 денари беа доделени седум,
- со 15.000,00 денари беа доделени десет,
- со 20.000,00 денари беа доделени една и
- со 30.000,00 денари беа доделени десет еднократни финансиски поддршки.

МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ОЛИВЕР СОКОЛОВ СОКОЛ

Проектот траеше од месец април до месец јуни, клучна проектна активност беше организација детски турнир во мал фудбал „Сокол Јуниор Куп 2022“ кој беше наменет за млади луѓе/деца и ја опфатиа категоријата/возраста од 8 до 14 години пред сѐ од Општина Карпош и Град Скопје.

На овој турнир учество земаа 18 екипи поделени во две категории, категорија 1 – деца од генерација 2011, 2012, 2013, две групи од по 4 екипи, и категорија 2 деца од генерација 2008, 2009, 2010 исто така поделени во две групи од по 5 екипи. Турнирот официјално стартуваше на 20 мај 2022 година и траеше до 6 јуни 2022 година каде беа доделени награди за двете категории одделно, и тоа: награда за освоено прво место, награда за освоено второ место, награда за освоено трето место, награда за освоено четврто место, награда за најдобар играч и награда за најдобар голман.

УЧЕСТВО НА СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КАРПОШ НА СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (СИС-УПОЗ)

Во период од 09-12.06.2022 година, во Охрид, хотел Белви беа одржани 27-те спортски игри и средби зема учество и нашата синдикална организација при ЛС Карпош. На синдикалните игри членовите на синдикатот се натпреваруваа во повеќе дисциплини: кошарка, фудбал, пинг понг, пикадо, пилвање, шах и се освоија четри пехари и еден пехар за севкупен победник во машка конкуренција.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2022 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/14**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 23/2021), Советот на Општина Карпош на дваесетта седница, одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска заштита, социјална заштита и здравствената заштита за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделение за детската, социјалната и здравствената заштита.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број: 09-420/17
Датум:30.01.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

Согласно со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2022 година, Одделението за детска, социјална и здравствена заштита ги реализираше предвидените активности,

*1.Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „ Пролет “*

Оваа програмска активност не е реализирана во 2022 година поради тоа што ниту еден од родителите на децата од населбата Злокуќани не покажал интерес неговото дете да посетува предучилишна установа и активно да биде вклучено во воспитно-образовниот процес .

*2.Обновување и унапредување на дидактички материјали во Јавните установи општински детски градинки*

Целта на оваа програмска активност е обновување на еколошките и дидактичките материјали во предучилишните установи и повлекување од употреба на старите и нефункционални играчки , изработени од помалку квалитетни материјали , со цел обезбедување на поквалитетна воспитно-образовна работа, подобрување на развојот на децата, поголема социјализација и стекнување на нови навики и вештини

.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  100 000, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  100 000, оо ден.

Реализатор: Општина Карпош

*3.Членство на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) – Франкфурт, Германија.*

Општина Карпош е прва институционална членка во Светот во оваа престижна организација веќе 12 години. Бенефитите од ова членство општината ги чувствува во соработката преку претставниците на оваа организации во делот од организирање работилници, семинари, конгреси преку здобивање на знаења и следење на Европската законска регулатива. Објавувањето на трудови од областа на безбедност на храна и развој на предучилишните и училишните установи придонесува афирмирање на општината во светски рамки.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  30 500, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  30 500, оо ден.

Реализатор : Европско тело за хигиенски инжинеринг и дизајн EHEDG

4.*Парична помош за лица/семејства во социјален ризик, за лекување, поплава -пожар во домот*

Еднократна парична помош се доделува еднаш во годината на лица/ семејства во состојба на социјален ризик, лекување и елементарна непогода.
За остварување на право за ваков надоместок потребно е да се достави соодветна документација. Комисија за доделување на еднократна парична помош, формирана од Градоначалникот составена од советници и вработени од општинска администрација ги разгледува барањата комплетирани со потребните документи ( вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита прават увид во домот на барателот) и одлучуваат за висината на паричната помош.
Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа: психо-социјална помош, упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми кои што се во ингеренции на општината.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  5.000. 000, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  5.000 000,оо ден.

Реализатор : Општина Карпош

*5. Парична помош за секое новородено - посвоено дете на територијата на Општина Карпош*

Еднократна парична помош во висина од 4.000.оо денари се доделува на секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми по програмата ( родителите да се жители на Општина Карпош – што се утврдува со документ за лична идентификација, на денот на поднесување на барањето новороденчето да не е постаро од 90 дена , вкупните приходи на родителите да не се повисоки од 37.000,оо денари) од одделението за детска, социјална и здравствена заштита. Во тековната 2022 година парична помош била одобрена за 38 новородени/посвоени деца.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  250. 000, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  152 000,оо ден.

Реализатор : Општина Карпош

*6. Хуманитарна акција – „Да бидеме хумани за нашите соседи“*

Хуманитарната акција под мотото „ Да бидеме хумани за нашите соседи “ во 2022 година беше организирана два пати и тоа по повод Велигденските и Новогодишните празници.

Во акцијата беа вклучени општинските детски градинки, училиштата од Општина Карпош и вработените во општинската администрација

Во двете хуманитарни акции беа доделени по 110 пакети на три локации и тоа: во УЗ „ Карпош 2 “, во УЗ „ Влае 1 “ и во УЗ „ Владо Тасевски. “
Пакетите содржеа трајни прехрамбени производи и хигиенски средства, а беа доделени на лица/семејства кои се наоѓаат во тешка материјална состојба.
На старите и изнемоштени граѓани , пакетите им беа доставени до нивните домови, од страна на претставници на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита.
На дел од дечињата од овие семејства им беа подарени и новогодишни пакетчиња, донација од општествено одговорни поединци и фирми.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

- 80 000, оо ден.
- Реализирани финансиски средства:

  7434,оо ден.

Реализатор: Општина Карпош

*7. Одбележување на 3-ти Декември – Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“*

По повод 3 – ти Декември – Денот на лицата со попреченост, Општина Карпош секоја година го организира одбележувањето на овој светски ден под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“.
Оваа година Градоначалникот оствари средба на која се говореше за секојдневните проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и за евентуални решенија кои може да ги понуди општината.
На 144 лица е доделена еднократна парична помош во висина од 3.000,оо денари ,средства планирани во буџетот на општината.

- Предвидени финансиски средства :

  650 000, оо денари
- Реализирани финансиски средства:

  480.000, оо денари

Реализатор: Општина Карпош

*8.Посета на Геронтолошки завод 13-ти Ноември, Оддел „ Мајка Тереза “ - Злокуќани*

По повод одбележувањето на неделата на грижа за стари лица и одбележување на 46 годишнината од формирањето на Општина Карпош Градоначалникот и претставници од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита ги посетија штитениците кои се сместени во домот за стари лица „ Мајка Тереза “- Геронтолошки завод 13 Ноември.

Во оваа пригода општината обезбеди пакети за лична употреба, наменети за 65 штитеници од домот.

На средбата се разговараше за унапредување и подобрување на условите за престој на старите лица за тоа дека локалната самоуправа во континуитет се грижи за старите лица.

Предвидени финансиски средства :
30 000,оо денари

- ✓ Реализирани финансиски средства:

30 000,оо денари.
Реализатор : Општина Карпош

Вкупно предвидена финансиска рамка во Програмата: 6.740. 500,оо денари

Реализирани финансиски средства: 5.799.934,оо денари
Останати финансиски средства: 940.566,оо денари

ЗАКЛУЧОК:
Одделението за детска, социјална и здравствена заштита прави максимални заложби за реализација на сите програмски активности, а особено на оние кои се насочени кон подобрување на квалитетот на живот на маргинализираните групи на граѓани, а особено граѓаните во социјален ризик во период кога е зголемена економската и енергетската криза.
Одделението ќе продолжи и во иднина да ги планира и унапредува програмските и вонпрограмските активности кои се насочени кон ранливите групи на граѓани во нашата општина (најмладите, социјално-загрозените, болни лица, лица со попреченост, пензионери).

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година, донесен на дваесетата седница – продолжение на Советот на Општина Карпош, одржана на 6 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/15**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година; (Службен гласник на Општина Карпош број 23/2021), Советот на Општина Карпош на дваесетта седница, одржана на 7 фебруари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за образование.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-420/18**
**Датум:06.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образование за 2022 година

Општина Карпош во дејноста образование, својата годишна програма ја реализираше како организатор на повеќе активности и манифестации кои се од јавен интерес за учениците, младите и за граѓаните на Општината.

Покрај предвидените активности од Програмата, во текот на јануари-декември 2021 година беа остварени и низа други активности кои сами по себе произлегоа како потреба за да се оствари образовната и воспитната компонента кај учениците во основните училишта на територија на Општина Карпош.

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2022 ГОДИНА

1. <u>Ужинки за ученици од општинските основни училишта</u>

Општина Карпош и во текот на 2022 година продолжи со обезбедување на ужинки за учениците од прво до деветто одделение од општинските основните училишта на територија на Општина Карпош, поради подобрување на квалитетот на живеење на жителите на Општината и поддршка на учениците и нивните родители.

Општината субвенционира ужинки за ученици од 1 до 9 одделение во висина од 50% од месечниот надомест.

Со почетокот на учебната 2021/2022 година за оваа активност се пријавија за ужинка ученици од општинските основни училишта, па така во второто полугодие од учебната 2021/2022 година, период јануари-јуни 2022 година  односно и во периодот од септември-декември 2022 година, беа обезбедени ужинки за 7.865 ученици од сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош.

Добавувач на ужинките е во сите основни училишта на територија на Општина Карпош е компанијата Ванила Фуд ДОО.

Потрошени финансиски средства: 2.808.148,00 денари.

2. <u>Превоз на учениците од општинските основни училишта</u>

<u>2а-Есенски излет за ученици од 1-9 одделение</u>

Во Програмата за образование за 2022 година предвидената активност-организирање на есенски излет во околината на Скопје за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта на Општина Карпош, за учебната 2022/2023 година, во период септември-октомври 2022 година не се реализираше. По две објавени јавни набавки за обезбедување превоз на учениците и наставниците до излетничкото место, се јави само една компанија со повеќе од двојно поголема цена од предвидената согласно предвидеите финансии за оваа активност од Програмата за активностите на Општина Карпош од обласста на образованието за 2022 година и истите Секторот за јавни набавки ги поништи заради недоволни финансиски средства останати во програмата.

<u>2б-Превоз на ученици согласно член 73 (1) од ЗОО</u>

Согласно член 73 став (1) од Законот за основно образование Општина Карпош обезбеди бесплатен секојдневен превоз за 2022 година за ученици кои користат превоз од с.Злокуќани кои што учат во ООУ„Аврам Писевски“, учениците од Кривидол кои што учат во ООУ„Вера Циривири Трена“ и ученици од Средно и Горно Нерези кои што учат во ООУ „Братство“.

Потрошени финансиски средства: 1.054.900,00 денари.

3. <u>Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта</u>

По реализираните постапки со цел доделување на Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош за 2022 година,
во период март-јуни 2022 година со Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици од територијата на Општина Карпош за учебна 2021/2022 година со бр.09-2483/21 од 31.03.2022 година, се определија 48 (четириесет и осум) стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на Општина Карпош и тоа

- 32 (триесет и две) прва категорија во износ од 3.000,00 денари и
- 16 (шеснаесет) втора категорија во износ од 2.500,00 денари

Во период октомври-декември 2022 година, со Одлука за избор на одобрени стипендии за талентирани ученици од територијата на Општина Карпош за учебна 2022/2023 година со бр.11-6545/5 од 28.09.2022 година, се определија 67 (шеесет и седум) стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на Општина Карпош и тоа:

- 51 (педесет и една) од прва категорија, во износ од 3.000,00 денари
- 16 (шеснаесет) од втора категорија, во износ од 2.500,00 денари

Потрошени финансиски средства: 1.123.000,00 денари.
Сите ученици добитници на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на Општина Карпош се исплатени за сите предвидени месеци во 2022 година, заклучно со декември 2022 година.

4. <u>Награди за полуматуранти-првенци на генерација од општинските основни училишта</u>

Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. На крајот на учебната година најдобрите ученици, првенци на генерација од основните училишта од општина Карпош се наградуваат со парична награда од 10.000 денари на секој ученик.
Првенец на генерација избира секое училиште со формирање на комисија, која што го прави изборот на најдобриот ученик- првенец на генерација, според пропишани критериуми (успех, поведение, освоени награди, дипломи и сл.)
Со паричната награда и пофалницата, што ги добиваат првенците на генерација, Општината, како општествено одговорна институција, го стимулира напредокот кај учениците и ги мотивира за учество на натпревари, конкурси и изложби на државно и меѓународно ниво.
Десетте најдобри полуматуранти – првенци на генерација во учебната 2021/2022 година се:

1. С. Б. – ООУ„Којдан Чернодрински“
2. С. К. - ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“
3. Ј. В. - ООУ„Јан Амос Коменски“
4. М. Б. – ООУ„Петар Поп Арсов“

5. Ј.
Р. – ООУ„Лазо Трповски“
6. М. М. – ООУ„Аврам Писевски“
7. Е. С. – ООУ„Братство“
8. М. П. - ООУ„Вера Циривири Трена“

9. П. А. – ООУ„Димо Хаџи Димов“
10. М. С. – ООУ „Владо Тасевски“

Потрошени финансиски средства: 111.110,00 денари со вклучен персонален данок. Сите ученици првенци на генерација од основните училишта од општина Карпош се исплатени во 2022 година.

5. <u>Финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на образованието</u>

За проекти од областа на образованието Општината распиша Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаа физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица, регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области. Огласот траеше цела година, до исцрпување на финансиските средства, со напомена проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2021 година.
Со финансиската помош што ја дава Општина Карпош се очекува подигнување на нивото за едукација и професионално усовршување и реализација на поддржаните проекти.
Во Комисијата за образованието како претставници од општинската администрација беа Роберт Вељановски, Гордана Ивановски Велковска, Ивана Стоименовска – членови од Совет на Општина Карпош и Анета Марковска Илиевска и Сања ваневска односно Миле Мирчевски вработени во Општина Карпош
Комисијата за образование одлучи да се доделат следниве баратели:

- Барање цо бр.11-8460/1 од 16.12.2021 кое се однесува на учество на меѓународен натпревар по литература, одржан во Токио, на кој ученичката Л. С. од ООУ „Лазо Трповски“ освои трето место со наставникот ментор Стефан Симовски, Комисијата предложи ученичката да добие еднократна парична помош во износ од 16.000,00 денари а наставникот во износ од 14.000,00 денари
- Барање бр.53-1572/1 од 28.02.2022 година поднесен од Детски Ликовен Центар со наслов „Меѓународна детска ликовна колонија Св.Пантелејмон“, Комисијата предложи да се одобрат средства само за ставката 4 и ставката 5 од целосната финансиска рамка во износ од 24.740,00 денари

- Барање со бр.53-1333/1 од 18.02.2022 година поднесен од ПАФТА-Скопје со наслов „Подобрување на капацитетите на инклузивните тимови во основните училишта на територија на Општина Карпош“Комисијата предложи да се одобрат средства со финансиска рамка во износ од 30.000,00 денари.
- Барање со бр.11-6449/1 од 18.08.2022 година поднесено од М. Ј. родител на ученик во деветто одделение во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ примен да посетува Летна научна школа во Истражувачката станица Петница во Ваљево-Србија, Комисијата предложи да му се додели бараната сума 17.514,00 денари.

6. <u>Поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари</u>

Со финансиската помош што ја дава Општина Карпош се очекува подигнување на нивото за едукација и професионално усовршување и реализација на поддржаните проекти.

Во Комисијата за образованието како претставници од општинската администрација беа Роберт Вељановски, Гордана Ивановски Велковска, Ивана Стоименовска – членови од Совет на Општина Карпош и Анета Марковска Илиевска и Сања ваневска односно Миле Мирчевски вработени во Општина Карпош

Комисијата за образование одобри финансиски средства на

- Барање со бр.5790/1 од 12.07.2022 година поднесено од тројца родители на три ученички од ООУ „Братство“, Г. Р., Т.С. и С. И., за учевство на меѓународен натпревар Во Прага, Комисијата предложи сума од 30.000,00 денари, по 10.000,00 денари од лице.

7. <u>Награди за најдобро уреден еко-училишен двор</u>

Со цел подигање на свеста на учениците, родителите и наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, училиштата се натпреваруваа за најдобро уреден еко-училишен двор (катче или дел од дворот) . Оценувањето го изврши Комисија од 5 (пет) членови од Советот на Општина Карпош формирана од Градоначалникот на Општина Карпош и тоа: Бранко Ристов, Зоран Краљевски, Марјан Стефановски и Татјана Стојановска - членови од Совет на Општина Карпош и Анета Марковска Илиевска и Мирјана Велниќ - вработени во Општина Карпош и изврши евалуација на пристигнати апликаци во кој беа доставени фотографии од 6 (шест) основни училишта, по Јавен повик за доделување на награди за најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче со арх.бр.11-2826/2 од 01.04.2022 година а согласно Одлуката за Објавување на Јавен повик за најдобро уреден ЕКО-

училишен двор на општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, како дел од Годишната Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година, Точка 7. Награди за најдобро уреден еко-училишен двор.
На состанокот на Комисијата беше констатирано дека до Одделението за образование, се пристигнати 6 (шест) апликаци од 6 училишта, во затворен плик, во кој се доставени и фотографии

во боја. По разгледувањето на апликациите во плик, Комисијата ги посети училишните дворови и изврши бодување во согласност со Јавниот повик и го констатираше следново:

- I-(прва) награда - ООУ „Петар Поп Арсов “ со освоени 91 бод.
  - 50.000,00 денари
- II-(втора) награда -ООУ „Вера Циривири Трена“ со освоени 87.75 бодови.
  - 30.000,00 денари
- III-(трета) награда ООУ „Аврам Писевски“ со освоени 73,5 бодови.
  - 20.000,00 денари.

Беа доделени и пофалници на останатите училишта кои не освоија награди.

**8. Формирање на општински хор**

Активностите околу формирањето на Општинскиот хор при Општина Карпош започнаа во септември 2022 година, со информирање на сите директори на општинските основни училишта и договарање на термини за спроведување на аудициите и промоција на проектот. Од вкупно десет, аудиции се организираа во осум основни училишта на подрачјето на нашата општина, и тоа:

- ООУ „Х.Т.Карпош“ – на аудицијата се одзваа само два ученика кои беа заинтересирани за учество во хорот. Аудицијата се одржа на 12.10.2022 г.
- Во ООУ „Војдан Чернодрински“, беше спроведена успешна аудиција, на 13.10.2022 год., а предводена од наставникот по музичко образование.
- На 19.10.2022 година беше организирана многу успешна аудиција во ООУ „Вера Циривири Трена“, на која присуствуваа дваесетина деца од училиштето.
- ООУ Владо Тасевски - на26.10.2022беше спроведена успешна аудицја, организирана за време на хорската проба.
- ООУ „Ј.А.Коменски“ на 27.10.2022 година се одржа успешна аудиција во просториите на училиштето.

- ООУ „ Петар Поп Арсов“ - на оваа аудиција која се одржа на 01.11.2022 година дојдоа само 2 ученика.
- Аудицијата во ООУ „Лазо Трповски“ беше закажана за 10.10. 2022 год, но во ова училиште не беше можно да се организира класична аудција, а за промоцијата на хорот и пронаоѓање на талентирани ученици кои би учествувале во истиот во по контакт со наставникот по музичко образование Кузман Марковски.
- ООУ „Братство“ – успешна аудиција одржана на 03.11.2022.

Во останатите две училишта, ООУ „Димо Хаџи Димов“ и ООУ „Аврам Писевски“, не направивме аудиции поради слабата комуникација со администрацијата на училиштата.
По одржаните аудиции, учениците беа информирани за првата проба преку наставниците по музичко образование. На пробата, која поради условите наједноставно беше да се организира во Интернационалното училиште Кју Ес Ај (исто така на подрачјето на Општина Карпош).
Дечињата од општинскиот хор, во текот на месеците ноември и декември 2022 година имаа неколку проби, а својот прв настап го имаа на Новогодишниот базар „Новогодишна желба“, во Сити Мол, а на репертоарот се најдоа шест новогодишни и божиќни песни на македонски и англиски јазик.
За поуспешна промоција на овој проект на Општина Карпош, менторот Наташа Лалчевска самоиницијативно изработи постери кои ќе бидат истакнати на секое од десетте училишта од општината, на почетокот на второто полугодие.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА**
**за не усвојување на ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година**

1. Се објавува СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА за не усвојување на ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година, донесена по одржаната дваесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 6 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/16**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената шестнаеста предлог-точка на дневниот ред за работа на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош – ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување на ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на дваесетта седница на Советот на Општина Карпош – ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година , НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА не гласал ниту еден од членови на Советот, ПРОТИВ не гласал нту еденј од членови на Советот, ВОЗДРЖАН гласале 20 членови на Советот, врз основа на што е констатирано дека не е усвоен ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОКОТ за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година

**Број: 09-420/19**
**Датум: 06.02.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2022 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2022 година, донесен на дваесетата седница на Советот на Општина Карпош-продолжение, одржана на 6 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-969/17**
**Датум:07.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 10; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 23/2021), Советот на Општина Карпош на дваесетта седница-продолжение, одржана на 6 фебруари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-420/20**
**Датум:06.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на програмата за активностите на општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од 01.01.2022 - 31.12.2022година**

Одделението за заштита и спасување во текот на 2022 година по Програмата за работа имаше предвидено и ги реализираше следните активности и тоа:

1. Редовен сервис на противпожарни апарати, хидрантска мрежа и тоа во:
-објектот на Општина Карпош сервисирани се 27 (дваесетиседум) противпожарни апарати,
-урбаните-месните заедници сервисирани се 30 (триесет) противпожарен апарат,
-надвозникот Влајко сервисирани се 8 (осум) противпожарни апарати,
-десет основни училишта сервисирани се 155 (стоипедесетипет) противпожарни апарати и
-четири детски градинки со 7 (седум) клонови сервисирани се 115 (стоипетнаесет) противпожарни апарати.
Набавени се нови 3 противпожарни апарати С-6 и 1 апарат ФМ 6
-Позитивна страна
-перманентно одржување на апаратите за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.
-Заклучок
-со редовно одржување на опремата за противпожарна заштита се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.
-Редовен сервис на хидрантската мрежа и тоа во:
-десет основни училишта беа сервисирани 70 (седумдесет) хидранти и
-четири детски градинки со 7 (седум) клонови беа сервисирани 58 (педесетиосум) хидранти. Набавени се и 2 хидратски црева со млазница

-Позитивна страна
-перманентно одржување хидрантската мрежа за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.
-Заклучок
-со редовно одржување на опремата се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

-

**Финансиски средства**

-за реализација на сервисот и одржувањето според програмата беа предвидени 150.000, 00 денари, за сервис на противпожарни апарати и сервис на хидрантска мрежа потрошени се 68.391,00 денари, останатите средства се попотреба за дополнителен сервис и набавка на ППА се во тек.

**2**. Според програмата на Одделението за заштита и спасување за 2022 година се изврши редовна пролетна и есенска дератизација,дезинфекција и дезинскеција во Општината, урбаните и месните заедници, во основните училишта и детските градинки.

Во пролетната беа опфатени:

- во урбаните и месните заедници беа опфатени околу 4950(четиријади деветстои педесет) шахти;

-10 (десет) Основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со 280 (двестаиосумдесет) дератизирани места,

-4 (четири) Детски градинки и 7 (седеум) клонови со 250 (двестаипедесет) дератизирани места и

За дератизација беа употребени околу 10 000 (десетилјади) мамци.

Во есенската беа опфатени:

- во урбаните и месните заедници беа опфатени околу 5000(петиљади) шахти;

-10 (десет) Основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со 280 (двестаиосумдесет) дератизирани места,

-4 (четири) Детски градинки и 7 (седум) клонови со 250 (двестаипедесет) дератизирани места и

За дератизација беа употребени околу 10 000 (десетилјади) мамци.

Од минатата јавна набавка од 2021 година беа поминати илјада шахти и реализирани се останатите средства во износ од 40.000,00 ден.

-**Позитивна страна**

-ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести.

-превенција од епидемија од жолтица.

-**Заклучок**

-со успешната реализација се подобрува квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

-**Финансиски средства**

За пролетна и есенската дератизација се предвидени 900.000,00денари, искористени се 646.253,00 , а останатите средства ќе се употребат за пролетната дератизација.

3. Испитување и одржување на громобранско и заштитно заземјување,испитување на отпор на заштитно заземјување на ниско напонска електрична инсталиција,испитување на отпор на изолација на нисконапонска електрична инсталација во општината,урбаните и месните заедници,основните училишта и детските градинки.
